Ма СИПУ (Пекинг)

# РЕАКЦИЈАТА НА КИНЕСКИОТ ПРОГРЕСИВЕН ПЕЧАТ ЗА ПРОПАСТА НА КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА ВО 1941 ГОДИНА

## I

По аншлусот на Австрија и по окупацијата на Чехословачка од страна на фашистичка Германија во 1938 година целата Југоисточна Европа веќе се наоѓа под германско застрашување. Во јануари 1939 година Хитлер ја вовлече хортиевската влада на Унгарија да учествува во „Антикомунистичкиот пакт" и на 2 март ја принуди Романија да потпише економски договор за доставување на Германија жито и нафта. Еден месец подоцна Италија ја нападна Албанија. Кралството Бугарија се ориентира кон Германија. На 12 октомври 1940 година германската војска влезе во Романија. Половина месец по тоа фашистичка Италија ја нападна Грција од Албанија. Досега виорот на Втората светска војна се прошири до Балканскиот Полуостров. Југославија се најде на прагот на воената пропаст.

Зборувајќи за разбирањето на Комунистичката партија на Југославија за тогашната ситуација Јосип Броз Тито истакна: „А јас бев длабоко уверен дека, по аншлусот на Австрија, по окупацијата на Чехословачка, и по сè што се случи подоцна и нашата земја ќе дојде на ред, Малата антанта веќе беше пропадната. И јасно беше дека Југославија е на најопасното место и дека може да биде следна жртва на фашистичкиот агресор".[1])

Југославија е пред сериозна алтернатива: двата империјалистички блока вршеа и дипломатски и економски притисок, а и го активираа соперништвото во Југославија. Внатре во земјата фа-

[1]) Сеќавања и пораки на претседателот Тито по повод 30-годишнината од победата над фашизмот. „Југославија е секогаш доследна во политиката за мир и во борбата за слобода и рамноправност". „Нова Македонија" 9 мај 1975 година, година XXXI, број 10161.

шистичките организации и антидемократските сили се обидуваат да дејствуваат со јавна поткрепа на Хитлер и Мусолини. Исто така, внатре во владеачката класа се водеше дебата за надворешната политика на Кралството. Проблемот каде оди Југославија покажува решително влијание врз војната во Европа и го приковува вниманието на сите антифашистички земји и народи.

Во мај 1940 година еден кинески набљудувач за југоисточните европски проблеми ја напиша големата статија под наслов „Ситуацијата и тенденцијата на Југоисточна Европа во текот на империјалистичката војна".[2]) Во оваа статија авторот ги анализираше промените на корелацијата на империјалистичките сили во Југоисточна Европа помеѓу двете светски војни и посочи дека државите во Југоисточна Европа „сега стануваат важен јазол во соперништвото помеѓу Англија, Франција и Германија и претставуваат стратегиско место за борбата". Авторот смета дека „војната и мирот сега се два пата пред народите од Југоисточна Европа. Воената политика на империјализмот и погрешната политика на некои реакционерни властодршци на овие мали држави веќе ја доведоа Европа до кулминација на воената опасност".

Статијата подвлекува дека, кога во 1937 година Германија ги надмина Англија, Франција и Америка и го зеде првото место во надворешната трговија на југоисточно-европските земји, тие мали држави „не само што економски зависат од Германија, туку и политички ќе ја поддржат Германија да го внесува нацистичкото движење во нивната земја". По анектирањето на Чехословачка од Германија и окупирањето на Албанија од Италија, „Унгарија и Бугарија веќе се доближија до Германија и Италија. Германија до извесен степен ја поддржа територијалната претензија на Унгарија и Бугарија и ги ползува како чекан за удирање на Романија и Југославија, и со тоа ја принудува Југославија да го изразува своето пријателство кон Германија и Италија". Паралелно со германската доминација во југословенската надворешна трговија, продолжува статијата, „владеачката југословенска група јавно се ориентира кон Германија. Но поради разни противречности Југославија сè уште не може сосем да стои на страната на Германија".

Споменувајќи ја безизлезноста на политиката на Југославија, авторот пишува: Поради тоа што Германија, Италија, Англија и Франција водат жестока борба за загосподарување со земјите на Балканот, внатре во владеачката југословенска класа постојат сериозни несогласувања меѓу проанглиската, профранцуската фракција и прогерманската, проиталијанската фракција. Под влијание на овие сили Југославија навистина сега стана центар на

---

[2]) Хо Пејуан: „Ситуацијата и тенденцијата на Југоисточна Европа во текот на империјалистичката војна". „Воено-административно списание на Осмата армија", кн. II, бр. 5, 1940, 53—70.

борбата на Англија, Франција и Италија за Балканот. На крајот на краиштата, во кој правец ќе оди Југославија? Ова не зависи само од волјата на владеачката југословенска буржоазија, туку зависи од соодносот на силите на империјалистите во Југоисточна Европа и од измената на целосната ситуација во Југоисточна Европа.

Во почетокот на 1941 година најпосле дојде до таков „соодноc на силите" што настана „измена на ситуацијата". Фашистичката војска на Германија и Италија скоро ја пороби цела Европа и се подготвуваше за напад на Советскиот Сојуз. По тоа што соседите на Југославија, Унгарија, Романија, Бугарија и Албанија веќе станаа сателити на германско-италијанскиот фашизам, крајно време беше Југославија неизбежно да биде впрегната во колата на германско-италијанскиот империјализам. Владеачката група на Кралството Југославија почна да се откажува од „неутралната позиција" и беше готова да направи пазарлак со Хитлер под какви услови Југославија да пристапи кон Тројниот пакт помеѓу Германија, Италија и Јапонија.

На 13 февруари министер-претседателот на кралска Југославија Цветковиќ и министерот за надворешни работи Цинцар-Марковиќ беа на тајна посета во Германија и беа примени од Хитлер. На вториот ден кинескиот весник „Синхуа Жибао"[3]) ја соопшти таа вест и пишува: „Во текот на тричасовен разговор германскиот предлог за пристапување на Југославија кон силите на Оската беше главна тема на разговорите помеѓу двете страни".

На 1 март Царството Бугарија веќе беше фрлено в оган од Хитлер и го потпиша протоколот за пристапување кон Тројниот пакт. „Синхуа Жибао" тогаш смета дека „неутралитетот на Југославија е тешко да продолжи долго". На 4 март при тајната посета кај Хитлер кнез Павле во основа веќе даде согласност за пристапување на Југославија кон Тројниот пакт.

На 21 март „Синхуа Жибао" подробно информира за одлуките на министерскиот кабинет на Југославија за пристапување кон силите на Оската и содржината на спогодбата меѓу Југославија и Германија. Потоа весникот пишува дека внатре во југословенската влада опозицијата е јака, таа решително се спротивстави на прогерманската политика на властите и таа позиција е поддржана еднодушно од граѓаните. Тројца членови од Министерскиот кабинет дадоа оставка во знак на протест против пристапувањето на владата кон силите на Оската. Министерскиот кабинет на Југославија е во криза и владата очекува прегрупирање.

На втората страница на „Синхуа Жибао" од 23 март е поместена една статија, во која уште веднаш се коментира одењето на Југославија. Во самиот почеток на статијата може да се

---

[3]) Овој весник беше легален дневник на ЦК КП на Кина во окупираната територија од Куоминтанг на чело со Чанг Кајшек и имаше големо влијание сред масите.

прочита: „Во потресната ситуација на Југоисточна Европа во најтешка положба се наоѓа Југославија. По германското влегување во Бугарија Хитлер веднаш ја натера Југославија да ги поткрепи земјите од Оската. Англија активно дејствува за воздржување на Југославија и со ултиматум ја предупредува, а Турција исто така ја посоветува Југославија да не оди со Оската. Во големото соперништво меѓу овие две сили Југославија навистина тешко е да ја определи својата надворешно-политичката ориентација“.

И на крајот во статијата пишува: „Во овие денови, борбата на југословенските народи против пристапувањето кон Оската сè повеќе расте, насекаде избувнуваат демонстрации. Поради тоа што насекаде има противосковско движење, атмосферата во целата земја е напрегната“.[4])

На вториот ден „Синхуо Жибао“ пак помести краток коментар изложувајќи ги своите сфаќања за развитокот и тенденцијата на југословенските настани. Коментарот посочува дека географската положба на Југославија е извонредно важна, затоа што има големо стратегиско значење како за Германија, така и за Англија, така што двете завојувани страни во Европа сега го концентрираат своето внимание на борбата за Југославија. „И Хитлеровското заплашување, и англо-американското ветување, се активира чекор по чекор и ги поставува владеачките југословенски власти во безизлезност и колебање“.

Најпосле во коментарот се доаѓа до следниот заклучок: „Со оглед на општата ситуација и тенденција постои голема можност Југославија да пристапи кон Тројниот пакт. Но, независно од тоа дали Југославија ќе оди налево или надесно, сето тоа неизбежно ќе им прави на југословенските народи бременост и тешкотии! Меѓутоа и југословенските народи ќе ја засилуваат сè повеќе борбата за зачувување на независноста, против пристапување кон Тројниот пакт и влегување во војната“.[5])

Настаните што наскоро се случија, покажаа дека таквото размислување на кинескиот коментар беше правилно.

## II

Колебањето и очекувањето на Кралството Југославија не продолжи долго време. Кнезот Павле и неговиот двор тргнаа по патот на капитулација поради тоа што се заплашија од сè поширoко антивоено движење внатре во земјата и од т.н. опасност од болшевизам. На 25 март Цветковиќ и Марковиќ од името на кралската влада го потпишаа во Виена протоколот за пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт.

---

4) „Синхуа Жибао“, статија под наслов: Ориентацијата на Југославија во напрегнатиот Балкан, 23 март 1941 година.

5) „Синхуа Жибао“, краток коментар под наслов: Ужасна бескрвна борба на Балканот, 24 март 1941 година.

Тоа беше логична последица на кусогледното пазарење на југословенската буржоазија, што се надеваше дека со капитулација ќе го спечали мирот и ќе ги задржи своите позиции внатре во земјата. На 26 март, утрото, кога луѓето слушаа од радио дека кралската влада веќе го потпиша договорот со Германија, почнаа да се бунтуваат и да негодуваат. Протестните бранови и демонстрации почнаа во многу места на земјата. Демонстрантите беа еднодушно против предавничката акција на владата и сакаа да ги казнат предавниците на татковината.

Така, под силниот притисок на народните барања и со помош на владите на западните земји утрината на 27 март 1941 година беше извршен бескрвен воен преврат. На тој начин се создаде нова влада на чело со генерал Симовиќ.

Тоа беше израз на негодувањето на народот кон капитулацијата на кралската влада и на неговата решителност да даде отпор на агресорот. Тоа е една патриотска вежба на народните маси за одбрана на земјата и против нападот на фашизмот. Затоа „за југословенското револуционерно-демократско движење настаните од 27 март беа првиот револуционерен пробој во гнилиот и преживеан капиталистички систем".[6]

Кинескиот печат даде полни информации за мартовските настани. Од првите денови на март „Синхуа Жибао" скоро секојдневно објавува новини за Југославија, во текот на неколку дена пристигаа дури по три извештаи. Весникот го објави полниот текст на протоколот за пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт и полниот текст на прокламацијата на кралот Петар. Овој весник оддели големо место на страниците за запознавање на читателот со антигерманските демонстрации на југословенските народи во различни краишта на земјата, за многубројните протестни телеграми и писма на опозиционите партии и некои масовни организации до владата и кралот, апелирајќи да не учествува во блокот на Оската. Весникот пишуваше: „Внатре во Југославија се раѓаат големи бранови и пресврти... протестното движење на народот од ден на ден оди кон подем."[7])

Во своите соопштенија за мартовските настани весникот „Синхуа Жибао" првпат го споменува тоа што „КП на Југославија се спротистави на тоа владата да учествува во војната; организира демонстрации во сите краишта на земјата и се бори за склучување на пакт за заемна помош со Советскиот Сојуз. Комунистите јавно делат летоци на улиците, со кои ќе го спречат учеството на владата во војната."[8])

На 29 март на втората страница на „Синхуа Жибао" беше објавена голема авторска статија, што подвлекува дека Југосла-

---

6) Преглед на историјата на Сојузот на комунистите на Југославија. „Култура" 1963 Скопје, 334.

7) „Синхуа Жибао", 25 и 27 март 1941 година.

8) „Синхуа Жибао", 30 март 1941 година.

19*

вија како држава е родена во борбата меѓу двата империјалистички блока, и затоа таа неизбежно ќе стане објект во борбата на империјалистите. „Додека, властодршците на Унгарија, Романија и Бугарија еден по друг беа покорени од Германија и тие држави станаа сателити на германско-италијанскиот блок, очевидно беше дека Југославија, којашто географски, политички и економски одамна беше окружена и контролирана од германско-италијанскиот блок, неизбежно ќе биде впрегната во колата на германско-италијанскиот фашизам“.

Статијата го врати назад текот на еволуцијата на југословенската надворешна политика и мошне сложените национални противречности внатре во земјата и подвлече дека мартовските настани токму ја разобличија предавничката акција на властодршците и го демонстрираа антигерманското расположение на народните маси. Затоа „ние можеме убедливо да речеме дека во сегашната атмосфера на војната, независно од тоа што југословенската владеачка класа јавно и подло ги предаде интересите на нацијата и државата, иако таа цинично се префрла на страната на германско-италијанските империјалисти, перспективата е предвидлива: независно од тоа колку голема и скапа цена ќе платат југословенските народи, во предвечерието на скорешното доаѓање на револуционерната бура во целиот свет широките маси на југословенски трудбеници на чело со Комунистичката партија сега итно се мобилизираат, ги собираат и ги обединуваат нивните сили, за да го ликвидираат во последната борба гнилото гнездо на југословенската владеачка класа; да се создаде демократска, слободна и независна Република Југославија. Сето тоа не е далечна мечта“.[9]) Може да речеме дека тоа беше објективна оценка на кинескиот печат за настаните од март и предвидување на револуционерната борба на југословенските народи.

Се разбира, родена во мартовските настани владата на генералот Симовиќ беше неопходно да ја регулира внатрешната и надворешната политика на Кралството. Новата влада се обидува да избира меѓу Оската, Англија и Советскиот Сојуз, за да избегне од тешкотиите на земјата. Но, кога новата влада се колебаше меѓу почитувањето на народната волја или одење со Оската, кога нејзината политика уште не успеваше да ја реализира, хитлеровските војски веќе беа на границите на Југославија.

## III

Настаните од 27 март во Југославија за Хитлер дојдоа не само неочекувано, туку и како најдобар повод за напад на Југославија. Хитлер се обиде со воена сила да го добие тоа што

---

[9]) „Синхуа Жибао“, статијата на Жу Чун: Патот на политичкиот развиток на Југославија, 29 март 1941 година.

го изгуби на политичко и дипломатско поле. Според веста на весникот „Синхуа Жибао“ од 30 март, по изненадниот преврат во Југославија, Хитлер веднаш ги повика на состанок вишите воени и цивилни лица, и ѝ даде на Југославија тридневен рок да одговори дали ќе остане во Тројниот пакт или не. Силите на Оската ја принудија Југославија да одговори на нивните следни две прашања: Прво, ставот на југословенската влада кон земјите на Оската? Второ, ставот на југословенската влада кон Тројниот пакт?

Имено уште истиот ден Хитлер издаде наредба за напаѓање на Југославија позната како „Директива број 25“. Развојот на настаните во следните денови докажаа дека, хитлеровиот фашизам, дејствуваше според таков оперативен план. Ќе ја цитираме главната содржина на некои новости од „Синхуа Жибао“ да видиме како фашистичка Германија ја нападна Југославија.

На 30 март хитлеровски пратеник ја натера Унгарија да се согласи да испрати 5 дивизии за освојување на Југославија. Германско-југословенските односи беа извонредно напрегнати. По заповед на седницата на Министерскиот кабинет на Југославија армијата беше мобилизирана и се транспортираше кон покраините.

На 31 март се одбележаа брзи промени во германско-југословенските односи. Започнуваат да се враќаат од Југославија германски колонисти. Со ултиматум Германија ја присилува Југославија веднаш да го прекине „личниот напад“ спрема Хитлера.

Движењето против Германија и Италија во Југославија продолжува и на 1 април. Германија сака Југославија пред 2 април да ја разјасни надворешната политика.

На 3 април Германците ѝ поставија на Југославија барања: прво, наполно да се надополнат материјалните штети на Германија по превратот; второ, да го ратифицира јавно Тројниот пакт, трето, да се демобилизира копнената војска.

На 4 април односот меѓу Германија и Југославија сепак е парализиран. Германија ги повлече од Југославија своите дипломати. Југославија замоли дипломатските претеници на другите земји да се евакуираат од Белград.

На 5 април претставник на Министерството за надворешни работи на Третиот Рајх објави дека сите дипломатски односи со Југославија се прекинати. Многу германски трупи напредуваат преку Унгарија кон границите на Југославија.

На 6 април изутрината, без објавување војна, Германците го почнаа варварското бомбардирање на Белград и половина град остана во пепелишта. Тоа е познато како „казнена операција“ за настаните од 27 март. Тој ден, Италија објави дека нејзините трупи војуваат заедно со германските. Така околу 50 германски, италијански и унгарски дивизии го почнаа нападот врз Југославија.

Пред фашистичкиот напад југословенските народи беа решени со крв да ја бранат територијата на татковината. Во некои

места народните маси и патриотски расположените воени единици ја прифатија борбата против агресорот.

Уште на 7 април 1941 година, т.е. на вториот ден по нападот на германско-италијанските агресори врз Југославија, „Синхуа Жибао“ веднаш одвои видно место за таа вест и соопшти дека германските авиони ја бомбардираа југословенската територија, а тоа значи „војна спрема Југославија“. Истиот весник на 11 април излезе со долг уводник[10]), во кој ги анализира причините на брзото распаѓање во војната на кралска Југославија и ситуацијата на Балканскиот Полуостров по окупацијата на Југославија. Уводникот смета дека нападот на хитлеровска Германија и Грција, почнат од 6 април, ја отвори увертирата на „пролетната офанзива“ на Германија спрема Балканот. Само за три дена хитлеровите трупи ги освоија грчкото важно пристаниште Солун и јужниот стратегиски град на Југославија Скопје.

Зашто настапи со таква брзина распаѓањето на овие две земји? Уводникот одговара: „Затоа што Германија има полна подготовка, нејзините дивизии се добро вооружени по операциите на Западниот фронт. Меѓутоа, ефикасната комбинација меѓу копнената и падобранската војска дава одлични резултати. Наспроти ова, грчката војска излезе токму од војната со италијанските трупи, повеќето англиски војници беа дошле од Либискиот фронт, а југословенската војска беше лошо вооружена, при тоа и беше слабо подготвена и неполно мобилизирана“.

Уводната статија понатаму го наведува количеството на војската на двете завојувани страни, што беше вкупно со околу 2.600.000: Германија — 450.000, Италија — 100.000, Југославија — 1.000.000, Грција — 800.000, Англија — 100,000—300,000. Воената и материјалната сила на Унгарија, Романија и Бугарија беа користени од Германија.

Ова количество во основните линии е точно. Југословенскиот историчар Велимир Терзиќ во својата двотомна книга „Пропаста на Кралството Југославија 1941“ ни го дава подробно соодносот на вооружените сили меѓу силите на Оската и кралска Југославија во априлската војна. Според неговото изучување на 6 април за нападот на Југославија државите од Оската вкупно употребиле 50 дивизии и 2.170 авиони.[11])

Германската војска беше до заби вооружена и одлично извежбана. Навистина тоа беше една од причините за поразот на Кралството Југославија. Иако споредени по број на дивизии и луѓе на овој дел од фронтот бројот на југословенските, грчките и британските дивизии е поголем, но Германија има апсалутна предност, во расположливата воена техника, моторизација и ави-

[10]; „Синхуа Жибао“, уводна статија под наслов: За војната на Балканот, 11 април 1941 година.

[11]) Велимир Терзић, Пропаст Краљевине Југославије 1941, т. II, Београд 1983, 250.

јација; истовремено со тоа Германија го користи и стопанскиот и воениот потенцијал на земјите од поробена Европа.

Споменувајќи ја Априлската војна во Југославија, другиот кинески весник, „Цефан Жибао", констатира дека скоро двегодишната европска војна, посебно успешните операции на германските трупи во последно време на Балканот и во Северна Африка, ја изменија и ја изменуваат не само ситуацијата на европскиот континент, туку и во Средоземјето. По германско-италијанската окупација на Југославија и Грција земјите северно од шпанското приморје до Солун во Грција се наоѓаат во рацете на државите на Оската.[12])

Од мартовските настани и Априлската војна во Југославија кинескиот антифашистички печат ја виде силата на југословенските народи и виде дека нивниот пораз е привремен. Исто така го отфрли тврдењето дека резултатот на европската војна зависи од англо-германската војна. Затоа на крајот на уводната статија од 11 април „Синхуа Жибао" пишува: „Оганот на војната на Балканот ќе гори сè појако и пошироко. Можеби некои ќе мислат дека судбината на балканските држави зависи од резултатите на англо-германската војна, но на дело таа зависи од самите балкански народи, бидејќи само тие го имаат последниот збор во решавањето на својата судбина".

Ma SIPU (Peking)

## THE REACTION OF THE CHINESE PROGRESSIVE PRESS TOWARDS THE FALL OF KINGDOM OF YUGOSLAVIA IN 1941

S u m m a r y

The author of this article has described the reaction of the Chinese progressive press towards the fall of the Kingdom of Yugoslavia in 1941. Regarding the events of March the newspaper „Synchua Jibao" used to publish news about Yugoslavia. This newspaper also published the full text of the Protocol for joinig of Yugoslavia to the Tripartite Pact and the full text of the Proclamation of King Peter.

All this reaction of the Chinese progressive press towards the fall of the Kingdom of Yugoslavia was published in some other progressive papers, too.

[12]) „Цефан Жибао", 19 мај 1941 година. Овој весник беше орган на ЦК КП на Кина во ослободената територија.